## ПРОМОЦИЈА НА МОНОГРАФИЈАТА „МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ (1893—1903)" ВО БИТОЛА

Во организација на Друштвото за наука и уметност — Битола на 30 октомври 1981 година во просториите на Друштвото — во присуство на бројни општествено-политички научни и културни работници на Битола беше промовиран монографскиот труд на д-р Димитар Димески „Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893—1903 г.)".

Промоцијата ја отвори м-р Никола Наумовски, претседател на Д Н У — Битола, а за делото зборуваше Јован Кочанковски, член на Претседателството на ДНУ — Битола.

Трајко ОГНЕНОВСКИ